ФАРМАХЕМ
FARMAHEM

ИНФО

ФАРМАХЕМ, Кичевска 1, п. фах 39, 1060 Скопје; тел.: +389 (0)2 20 31 193; факс: +389 (0)2 20 31 434; farmahem@farmahem.com.mk
www.farmahem.com.mk

Информатор за понудата на Фармахем

Број 7 | декември 2013

Порака до читателите

Фармахем продолжува да ниже успеси и да го потврдува приматот како водечка компанија во Р. Македонија од областа на лабораториската опрема и еколошкиот консалтинг. Тоа се должи на професионализмот во работењето и постојаното унапредување на квалитетот на производите и услугите што ги нудиме. Во 2013 година, сите три сектори за промет на Фармахем остварија забележителни резултати, што се гледа од големиот број продадени инструменти и опрема, како и големиот број инсталации и одржани обуки за корисниците.

Фармахем Сервис се пресели во новите и модерно опремени простории од 105 m² во непосредна близина на дирекцијата на Фармахем.

Секторот за еколошки консалтинг на Фармахем со зголемен интензитет продолжи со координирање на активностите околу Програмата за зачувување на природата во Македонија во соработка со швајцарската невладина организација „Helvetas Swiss Intercooperation". Со овој проект, којшто е планирано да трае до крајот на 2016 година, Фармахем ја зацврсти својата позиција како лидер во областа на заштитата на животната средина во Македонија.

Фармахем постојано вложува во промоцијата и афирмацијата на концептите за општествено одговорно работење и одржлив развој на претпријатијата. Богатото портфолио на освоени награди за општествена одговорност се збогати со уште едно национално признание во категоријата „однос со вработените" во 2012 г., за проектот „Фармахемчињата се нашата иднина". И во иднина продолжуваме со истата посветеност и врвен квалитет на производите и услугите.

До видување,

Тимот на ФАРМАХЕМ

Дијагностика и лекови

Секторот „**Дијагностика и лекови**" опфаќа програма за лекови, дијагностички реагенси и инструменти за биохемиски лаборатории. Понудата на Фармахем целосно ги задоволува потребите на секоја медицинска, биохемиска или микробиолошка лабораторија.

Инструменти и опрема

Секторот „**Инструменти и опрема**" опфаќа програми на опрема за сите видови лаборатории: хемиски и биохемиски лаборатории, микробиолошки лаборатории, лаборатории во прехранбената и фармацевтската индустрија, лаборатории за следење на квалитетот, во контролни лаборатории за индустриско производство, лаборатории за испитување материјали во градежништвото и тн.

Реагенси и адитиви

Секторот „**Реагенси и адитиви**" има специфична програма со која се предлагаат решенија кои овозможуваат стандардизирано производство или го следат текот на процесот на производството. Дел од производите кои се нудат во оваа програма се наменети за прехранбената индустрија, чистење и дезинфекција на опремата за производство, како и на помошната опрема и инструменти кои го следат квалитетот на производството.

Еколошки консалтинг

Една од главните определби на **Фармахем** е заштита на животната средина во Р. Македонија и во регионот. Во секторот кој постои 19 години се нудат комплетни консултантски услуги за проекти од областа на животната средина и природата. Лабораторијата за животна средина, која е дел од секторот за еколошки консалтинг, нуди услуги за мерење и анализа на различни параметри во животната средина според стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2006.

ВО ОВОЈ БРОЈ

2 | Фармахем го задржува приматот на лидер во полето на општествената одговорност помеѓу претпријатијата во Македонија

3 | 10 години Фармахем Сервис

Соработка на Фармахем со здружението Лулка за промоција на Огестан

4 | AbbottLink - Идеално решение за сервис од далечина кај кое сигурноста е на прво место

5 | Новиот хематолошки анализатор XP – 300 инсталиран во пет лаборатории во Р. Македонија

6 | Фармахем со уште еден инструмент во полето на лабораториската дијагностика

7 | Нови инструменти во портфолиото на Agilent Technologies

8 | Титрација со еден потег – едноставно, ефикасно и безбедно

9 | Еволуција во аналитичкото мерење

10 | Прецизно мерење на енергетската ефикасност во објекти и во индустрија

12 | Целосна посветеност на зачувување на природата во Мкедонија

14 | Следење на квалитетот на амбиентниот воздух во град Скопје

Температурно мапирање во простории со контролирани климатски услови

15 | Првиот еколошки производ за дезинфекција

Нови млечни култури од Chr. Hansen

16 | Нагалазе-тест и GcMAF

Дијагностика и лекови
стр. 4

Инструменти и опрема
стр. 9

Реагенси и адитиви
стр. 14

Еколошки консалтинг
стр. 12

ДИЈАГНОСТИКА ФАРМАХЕМ
СПЕЦИЈАЛИСТИЧКА ДИЈАГНОСТИЧКА ЛАБОРАТОРИЈА
стр. 16

ФАРМАХЕМ ГО ЗАДРЖУВА ПРИМАТОТ НА ЛИДЕР ВО ПОЛЕТО НА ОПШТЕСТВЕНАТА ОДГОВОРНОСТ ПОМЕЃУ ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА

НАГРАДЕНИ ПРОЕКТИ ВО 2012 ГОДИНА

Фармахем по седми пат доби престижно национално признание за најдобри општествено одговорни практики, плакета за 2012 година, за проектот „Фармахемчињата се нашата иднина“, во категоријата „однос кон вработените“. Наградата ја доделува Националното координативно тело за ООП, Министерството за економија на РМ и за првпат од оваа година, Иницијативата „Европски систем за наградување на ООП“, којашто во Македонија ја спроведува Асоцијацијата за развојни иницијативи - Зенит.

Фармахем отсекогаш инвестирал во проекти за грижата за здравјето и благосостојбата на вработените и веќе двапати добил национална награда во категоријата „однос кон вработените“, во 2009 година за проектот: „Зајакнување на капацитетите за тимска работа и градење на лојалност кон фирмата“ и во 2011 година за проектот: „Поттикнување на здрав начин на живот и љубов кон природата - по стапките на Жане“.

„ФАРМАХЕМ НА ВРВОТ НА СВЕТОТ“ - со Илина Арсова и јуниорите

Фармахем, со донација за 8 Март – Меѓународниот ден на жената, ја поддржа Илина Арсова во нејзиниот подвиг за искачување на Монт Еверест.

Во рамките на проектот „Малите фармахемчиња во посета на Фармахем“, на 5.10.2013 год., децата на вработените по вторпат беа во посета на Фармахем и имаа можност да се запознаат со Илина Арсова - првата Македонка која се искачи на Монт Еверест и го достигна врвот на светот. Низ презентацијата на Илина, децата можеа да го почувствуваат духот на издржливост, истрајност и победа, карактеристики коишто ја опишуваат тимската работа и на нашата компанија.

Децата во таа пригода нацртаа колажи коишто се искористени за илустрирање на календарот на Фармахем за 2014 година,

а Илина како ликовен уметник помогна со идеи и насоки во нивната изработка.

УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА - ИБФ 2013 ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ГИЗ

Марјонка Велјановска, извршната директорка на Фармахем, од 23.10 до 25.10.2013 година, зеде учество на 16-тата меѓународна бизнис-конференција на членките на Глобалниот договор во Истанбул, Турција, на тема: *„Green and Inclusive Business: Exploring and Developing Markets for Sustainable Growth“*. На настанот учествуваа претставници од целиот свет (Азија, Јужна Америка, Африка, Европа и др.) од бизнис-секторот, НВО, политичари, организации за развој и соработка (УНДП, ГИЗ и др.) и инвеститори. Сите панел-дискусии и работилниците беа организирани на многу високо ниво и од фирмите беа наградени трите најдобри идеи коишто ќе овозможат вклучување лица од загрозените, маргинализирани групи и понатамошно самостојно одржување на бизнисот. Воедно, тие бизниси во својот развој би ја зеле предвид енергетската ефикасност и би имале позитивно влијание врз животната средина.

Марјана Шушлевска и
Александра Петровска-Горин
Лица одговорни за ООП во Фармахем

10 ФАРМАХЕМ СЕРВИС години

- **10 години** успешно извршување на инсталациите на најсовремените дијагностички апарати од сите области;
- **10 години** успешно сервисирање и одржување на инсталираните инструменти;
- **10 години** задоволни клиенти од навремениот сервис и ажурноста на персоналот од 7 обучени сервисери;
- **Нов работен простор** од 105 m², модерно уреден според потребите на сервисните инженери, лоциран спроти деловната зграда на Фармахем;
- **Успешна реакредитација за калибрација** на мерила за температура, релативна влажност и ваги;
- **Активна база на податоци за калибрација** поставена на интернет-страницата: https://servis.farmahem.com/

Нова адреса:

Фармахем Сервис
ул. Кичевска бр. 6/2
1060 Скопје, Р. Македонија
тел. 02/20 39 642
e-mail: servis@farmahem.com.mk

Само есенцијални состојки Ogestan

СОРАБОТКА НА ФАРМАХЕМ СО ЗДРУЖЕНИЕТО ЛУЛКА ЗА ПРОМОЦИЈА НА ОГЕСТАН

Фармахем, преку производот Огестан (додаток во исхраната за бремени жени и доилки), активно учествува и соработува со здружението Лулка коешто води грижа и спроведува едукација на бремените жени, мајките и децата. Здружението Лулка има реализирано повеќе проекти што дадоа одлични резултати и придобивки за мајките и новороденчињата. Фармахем со производот Огестан е покровител и поддржувач на програмата за бременост и на сите активности поврзани со оваа програма, вклучувајќи ја и програмата за поддршка на доењето. Еден од тие проекти е и проектот „Едуцирана бременост - здраво бебе“, а целта на проектот е едукација и подготовка на младите жени за тоа како да одржат здрава бременост, за најзначајните моменти околу породувањето и поддршка на доењето уште во најрана фаза, пред породувањето.

Фармахем исто така учествува и во проектот „Група за поддршка на доењето“. Проектот опфаќа поддршка и едукација на доилките и бремените жени во врска со воспоставувањето и одржувањето на доењето.

Повеќе информации на интернет-страницата на здружението Лулка http://www.lulka.org/.

Контакт:
д-р Дејан Илиќ
моб.: 070/35 90 05
e-mail: dejan@farmahem.com.mk

AbbottLink - ИДЕАЛНО РЕШЕНИЕ ЗА СЕРВИС ОД ДАЛЕЧИНА КАЈ КОЕ СИГУРНОСТА Е НА ПРВО МЕСТО

Abbott Diagnostics

По првата инсталација на AbbottLink во Институтот за трансфузиона медицина на Република Македонија во Скопје пред две години, имплементацијата продожи и кај сите други корисници на анализаторите на Abbott Architect i1000sr и Architect i2000sr во Република Македонија.

AbbottLink е сервисна услуга којашто се прави од далечина и кај која безбедноста на податоците е најважна.

Станува збор за интегрирано решение со три главни компоненти што ги опфаќаат сите аспекти на функционирањето на анализаторот:

- далечинско решавање проблеми коишто се јавуваат во текот на функционирањето на анализаторот без притоа да се прекине неговата работа;
- подобрена ефикасност;
- проактивен мониторинг.

Придобивки за лабораториите од интегрираната грижа за функционирањето на анализаторот, добиена преку AbbottLink, се следниве:

- сервисната служба ги добива сите битни податоци од работењето на анализаторот истовремено, како што се појавуваат на анализаторот;
- зголемено време на континуирано работење на инструментот со проактивно следење на превентивното одржување;
- рационализација на процесите за собирање информации и вршење софтверски надградби;
- подобрување на лабораториската продуктивност имајќи предвид дека анализата на проблемот се прави пред инженерот да го посети клиентот.

Воедно, AbbottLink ви овозможува генерирање на приспособени извештаи коишто ќе ви помогнат правилно да ги организирате лабораториските процеси. Тие вклучуваат:

- продуктивност на анализите во смисла на бројот на анализираните пациенти во однос на издадените резултати;
- број на направени анализи според видот на анализата во одреден временски период, од еден или повеќе инструменти во лабораторијата;
- анализа на изведени профили од една или повеќе анализи во текот на времето;
- добивање пораки со известување за работата на инструментот.

AbbottLink користи комуникација преку мрежната бариера (Firewall) којашто е лесна за употреба и обезбедува двонасочна комуникација заснована врз стандардните технологии: Hypertext Transfer Protocol (HTTP), Simple Object Access Protocol (SOAP) и eXtensible Markup Language (XML). Целата комуникација со AbbottLink е иницирана од клиентите, со што се елиминира потребата од јавна IP адреса за уредот на Abbott.

Компјутерските вируси претставуваат потенцијална закана за секој клиент. Одржување на мрежата без вируси е предизвик за секој ИТ-сектор. AbbottLink обезбедува високо ниво на безбедност што овозможува ИТ-персоналот на клиентот да е сигурен дека нивото на безбедноста на нивната мрежа се одржува.

Причина за загриженост на повеќето ИТ-сектори е дека нивните податоци не можат да бидат безбедни и зачувани од јавноста. Тоа се случува кога податоците се префрлени преку јавната интернет-страница во чист текст, со користење на стандардните HTTP пораки, овозможувајќи им на хакерите да ги пронајдат и да ги видат податоците.

Со цел да ги заштитите вашите податоци и приватноста на вашите пациенти, Abbott ги користи истите SSL енкрипции што се користат за кодирање на банкарските трансакции преку интернет. AbbottLink ја почитува приватноста на пациентот и лекарот преку заштитени податоци за здравјето.

Контакт:
Коча Фунду дипл.ел.инж.
тел.: 02/20 31 193, лок. 40
моб.: 070/38 37 07
e-mail: koca@farmahem.com.mk

НОВИОТ ХЕМАТОЛОШКИ АНАЛИЗАТОР XP – 300 ИНСТАЛИРАН ВО ПЕТ ЛАБОРАТОРИИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА

Кон крајот на 2012 година, светскиот лидер во областа на хематологијата SYSMEX, Јапонија го промовираше новиот модел на хематолошки анализатор со триделна диференцијација на леукоцити XP-300, којшто се карактеризира со компактен дизајн и врвна технологија.

Инсталацијата на пет нови хематолошки анализатори XP-300 во пет лаборатории на територијата на Р. Македонија и обуката за работа на персоналот, е уште еден успешно реализиран проект во исполнувањето на мисијата на Фармахем да ги опремува лабораториите со најнови, најсовремени инструменти од светски познати производители коишто се карактеризираат со висока технологија и одлични перформанси.

XP-300 претставува потполно автоматизиран хематолошки анализатор со триделна диференцијација на леукоцитите, којшто лесно се вклопува во секоја лабораторија, но претставува и одличен резервен инструмент за лабораториите коишто веќе имаат хематолошки анализатори со петоделна диференцијација на леукоцитите. XP-300 се карактеризира со висок квалитет на аналитичките перформанси, голема точност и репродуцибилност на резултатите. Сигурноста во добиените резултати, којашто несомнено ја овозможува овој хематолошки анализатор од најновата генерација, е од особено значење за лекарите при поставувањето дијагнози кај пациентите.

XP-300, за разлика од сите конкурентни хематолошки анализатори, при диференцијација на леукоцитите ги брои неутрофилите како посебна група. Апсолутниот број на неутрофилите е значаен за одредување акутна фаза на воспаленија или инфекции, при што претставува ран показател на заболување. Поради тоа, одредувањето на апсолутниот број на неутрофили има поголемо клиничко значење од одредувањето на апсолутниот број на моноцитите.

Меѓутоа, SYSMEX не би бил предводник во хематологијата доколку постојано не воведува новитети со кои го подобрува квалитетот на работењето на своите корисници. XP-300, за разлика од сите конкурентни хематолошки анализатори, како и од претходните генерации на хематолошките анализатори со триделна диференцијација на леукоцити на SYSMEX, може мрежно да биде приклучен во програмата за надворешна контрола на квалитет (IQAS Online) овозможена преку мрежниот комуникациски систем на SYSMEX (SNSC – SYSMEX Network Communication System). Преку мрежната надворешна контрола на квалитет, стручниот тим на SYSMEX врши постојано следење и оценување на перформансите на инструментот. За првпат кај триделните хематолошки анализатори, една контролна крв и едно мерење се доволни за внатрешна контрола на квалитет, и за надворешна контрола на квалитет.

Карактеристики на инструментот:

- LCD екран на допир;
- анализа на **60** примероци на час;
- користи само два реагенси: дилуент и лизер;
- примероци: полна крв и крв со претходно разредување;
- волумен на примерок:
  - 50 µL во начин на работа со полна крв,
  - 20 µL во начин на работа со претходно разредување;
- одредува **20 хематолошки параметри** со вклучена триделна диференцијација на леукоцитите: WBC, RBC, HGB, HCT, MCV, MCH, MCHC, PLT, PCT, LYM (#, %), MXD (#, %), NEUT (#, %), RDW-SD, RDW-CV, PDW, MPV, P-LCR, во начинот на работа со полна крв и во начинот на работа со претходно разредување;
- новитет – можност за одредување на PCT (Plateletcrit);
- триделна диференцијација на леукоцитите: LYM (#, %), MXD (#, %), NEUT (#, %);
- SRV (sample rotor valve) – максимална точност и прецизност во резултатите;
- меморија: 40.000 комплетни резултати со вклучени хистограми за WBC, RBC, PLT;
- баркод-читач;
- вграден печатач за термална хартија;
- можност за мрежно приклучување во системот на производителот за надворешна контрола на квалитетот.

Контакт:
Маја Здравковска, дипл. инж. по хемија
тел.: 02/20 31 193, лок. 41
моб.: 071/21 17 31
e-mail: maja@farmahem.com.mk

ФАРМАХЕМ СО УШТЕ ЕДЕН ИНСТРУМЕНТ ВО ПОЛЕТО НА ЛАБОРАТОРИСКАТА ДИЈАГНОСТИКА

DIAMOND® DIAGNOSTICS

Оваа година секторот Дијагностика и лекови успеа да опреми уште една лабораторија со нов електролитен анализатор **SmartLyte** од американската фирма Diamond Diagnostics. Се работи за биохемиската лабораторија при ЈЗУ Здравствен дом Пехчево, којашто оваа година на тендер доби електролитен анализатор. Со оваа можност најмногу добиваат граѓаните на општината Пехчево кои ќе можат навремено да ги добиваат резултатите за нивниот електролитен статус. Со овој анализатор, вработените имаат можност за изработување електролити, и тоа во нивната јонска форма: јонизиран K, јонизиран Na и, што е од огромно значење, јонизиран Ca, имајќи ја предвид неговата улога во коагулацијата на крвта, во контролирањето на невромускулната активност, како и регулацијата на метаболизмот на клетките. На тој начин, Фармахем продолжува со постојана едукација и комуникација со персоналот насекаде низ здравствените институции на територијата на Р. Македонија.

ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА SMARTLYTE ОД DIAMOND DIAGNOSTICS:

- Мери концентрации на K^+, Na^+, Cl^- или Ca^{++} или Li^+;
- Користи ISE модул;
- **Поседува два методи на работа:**
  - нормален начин на работа: автоматска калибрација со опција за „sleep“ - функција којашто штеди реагенс;
  - заштедувачки начин на работа: во кој 24-часовната потрошувачка е само 7 mL кога не се поставуваат примероци;
- Можност за работа со полна крв, серум, плазма, урина;
- **Волумен на примерок:** максимум 100 µL;
- **Време за анализа:**
  - максимум 60 секунди без печатење на резултатот (60 анализи на час),
  - 75 секунди со печатење на резултатите (48 анализи на час);
- **Мерен опсег:**

  полна крв
  - Na^+: 40–200 mmol/L,
  - K^+: 1.7–15 mmol/L,
  - Cl^-: 50–200 mmol/L,
  - Ca^+: 0.3–5.0 mmol/L,
  - Li^+: 0.2–5.5 mmol/L,

  урина
  - Na^+: 3–300 mmol/L,
  - K^+: 5–120 mmol/L*,
  - Cl^-: 15–300 mmol/L,
  - * од 60 до 120 со дополнително разредување;
- **Меморија:**
- минимум 1000 резултати од пациенти,
- 500 резултати за нивото 1 од внатрешната контрола,
- 500 резултати за нивото 2 од внатрешната контрола,
- 500 резултати за нивото 3 од внатрешната контрола,
- **Калибрација во две точки на секои четири часа**, во една точка на секое мерење, со можност за самостојна калибрација (во „stand by“ начин на работа со однапред програмирана калибрација наутро пред анализаторот да биде ставен во употреба);
- **Репродуцибилност:**

  полна крв, серум, плазма
  - Na^+: CV ≤ 1% (120–160 mmol/L),
  - K^+: CV ≤ 2% (2.5–6 mmol/L),
  - Cl^-: CV ≤ 2% (85–130 mmol/L),
  - iCa^+: SD ≤ 0.02 mmol/L (0.8–1.5 mmol/L),
  - Li^+: SD ≤ 0.02 mmol/L (0.4–1.3 mmol/L),

  урина
  - Na^+: CV ≤ 5% (100–250 mmol/L),
  - K^+: CV ≤ 5% (10–60 mmol/L),
  - Cl^-: CV ≤ 5% (100–250 mmol/L);
- Можност за поврзување со компјутер преку сериската порта RS232C;
- Поседува надворешна тастатура и надворешен баркод-читач;
- Вграден печатач за термална хартија;
- Идентификација на пакувањето со реагенси со помош на RFID чип.

Контакт:
Ана Џимревска, м-р по биолошки науки
тел.: 02/20 31 193, лок. 25
моб.: 070/33 37 09
e-mail: anadj@farmahem.com.mk

НОВИ ИНСТРУМЕНТИ ВО ПОРТФОЛИОТО НА Agilent Technologies

Agilent Technologies

Потребата од постојани иновации во Agilent Technologies и диктирањето на индустриските стандарди во аналитиката, доведоа до развој на нови генерации на веќе докажаните модели на гасни хроматографи и гасномасени хроматографи. Така моделот 7890A доби свој наследник и во првата половина од оваа година на пазарот излезе моделот 7890B. Осетливоста е зголемена кај сите видови стандардни детектори за гасна хроматографија и во овој момент се најосетливи на пазарот. За прв пат кај гасните хроматографи е претставена технологијата на комплетен инертен пат од инлет до детектор. Со употребата на ултраинертни и деактивирани инлети, лајнери, колони и детектори, во голема мера се намалува распаѓањето на нестабилните компоненти, а со тоа се зголемува и сигналот на аналитите од интерес. Унапредена е капиларната микрофлуидна технологија, а со тоа многукратно е подобрена опцијата „beckflush“ за отстранување на тешко испарливите компоненти. Поради сите овие предности и можноста за избор на голем број различни конфигурации и детектори, моделот 7890B е неизоставен инструмент во секоја лабораторија.

Масениот детектор модел 5795C го доби својот наследник во моделот 5977. Со тоа, понудата на Agilent Technologies во масената спектрометрија за гасна хроматографија е издигната на многу повисоко ниво. Перформансите на овие детектори се значително подобрени во однос на осетливноста, релацијата меѓу сигналот и шумот, како и робустноста на детекторот. Масениот детектор модел 5977 заедно со новиот гасен хроматограф модел 7890B се супериорна комбинација. За моделот 5977 е карактеристична максималната остетливност благодарение на бројните иновации. Јонскиот извор е инертен и на висока температура, со што се зголемува бројот на јони коишто успешно доаѓаат до монолитниот квадрупол. Со иновацијата на детекторот со тројна оска се намалува бројот на неутралните јони коишто се причина за шумот кај овие инструменти и со тоа, односот меѓу сигналот и шумот е многу подобар.

Со овие два инструмента, Agilent Technologies продолжува со поставување на стандарди во гасномасената хроматографија и е лидер во оваа област веќе 45 години од пионерското претставување на првиот модел на овој тип инструменти.

Контакт:
Зоран Настов, дипл. инж. по биологија
тел.: 20 31 193, лок. 33
моб.: 070 36 44 65
e-mail: zoran@farmahem.com.mk

ТИТРАЦИЈА СО ЕДЕН ПОТЕГ – ЕДНОСТАВНО, ЕФИКАСНО И БЕЗБЕДНО

METTLER TOLEDO

Mettler Toledo е компанија којашто е дел од многу успешни приказни, благодарение на дизајнот на нејзините инструменти коишто се одликуваат со едноставност, ефикасност и прецизност. Така и процесот на титрација којшто како метода е застапен во сите лаборатории, Mettler Toledo комплетно го автоматизира со што, за разлика од класичната метода, сега целиот процес на титрација се минимизира на само еден потег. Во еден „клик" е сместена целата метода, тип на примерок, тип на титрант, параметар којшто е детерминиран, калкулација, со цел да добиете готов резултат за само неколку минути.

Excellence линијата на титратори на Mettler Toledo, покрај прецизноста и едноставноста, се одликува со можност за надградување со голем број дополнителни титрациски единици, со едноставно спојување преку магнети. Со тоа е овозможено детерминирање на неколку параметри на еден инструмент. Дополнително може да се надградат со Karl Fisher модул за детерминација на вода во примерок, со што се добива една функционална единица составена од титратор за волуметриски/потенциометриски титрации и волуметриски Karl Fisher титрации. Можно е надградување со модул за одредување на pH и кондуктивност, а исто така инструментот може да се поврзе со други уреди како вага, баркод-читач, „автосемплер" и секако со софтверот 21 CFR 11.

Моделот T90 е најсофистицираниот титратор којшто покрај сите споменати предности и опции може да врши паралелни титрации во исто време.

Excellence моделите на титратори (T50, T70, T90) претставуваат едно комплетно решение за современата лабораторија.

Контакт:
Горан Карбевски
тел.: 02/20 31 193, лок. 34
моб.: 070/26 06 91
e-mail: gorankarbevski@farmahem.com.mk

Контакт:
Милена Стојанова, дипл. инж. по биологија
тел.: 02/20 31 193, лок. 39
моб.: 071/36 64 54
е-пошта: instrumenti@farmahem.com.mk

ЕВОЛУЦИЈА ВО АНАЛИТИЧКОТО МЕРЕЊЕ

METTLER TOLEDO

Со цел да се олеснат секојдневните задачи со мерењата, како и да се намали процентот на грешка, Metler Toledo неодамна ја лансира најновата генерација на аналитички ваги Excellence Plus Evolution. Линијата претставува една нова димензија во аналитичкото мерење и не само што осигурува беспрекорни резултати во мерењето, туку и соодветствува со нормите во највисоко регулираните работни средини.

Почнувајќи од мерната ќелија - срцето на една вага, па сè до периферниот дизајн, сè е конструирано за да се обезбедат точни резултати и да се минимизира надворешното влијание. Мерната ќелија е конвенционална, широка, со заштита од оптоварување и може да даде голема точност и за најмалите маси. Сместена е во задниот дел на вагата, со што е заштитена од супстанцијата којашто се мери и нема начин да се загади. Уште една револуционерна технологија на мерење, патент на Mettler Toledo е висечкиот мерен тас, со изглед на решетка. Ова нè враќа кон стариот, конвенционален начин на мерење во комбинација со највисоката технологија, со што е намалено влијанието на притисокот од воздухот и ефектот од нецентрирано мерење. За дополнително да се олесни ракувањето, вагите имаат вградени сензори за автоматско отворање на стаклените ѕидови, за автоматско израмнување на вагата, автоматска детекција на нивелирањето на вагата, како и антистатична детекција.

Сите овие високи перформанси на вагите се надополнети со системот за автоматско дозирање Quantos. Quantos е патент на Mettler Toledo и засега е единствениот систем за автоматско дозирање на прашковидни и течни супстанции. Бидејќи, како единица волуменот има голема осетливост на надворешните влијанија, како што се температурата и светлината, тој е непостојан и при подготовката на раствори. Поради тоа, постои тенденција на гравиметриска подготовка на раствори. Гравиметриската подготовка е одобрена од американската фармакопеја, со што сè повеќе стандардни оперативни процедури се менуваат, со цел да се добијат точни концентрации. Quantos е модуларен автоматски систем којшто може да содржи модул за прашковидни супстанции, модул за течни супстанции или да ги има и двата модула. Тој е компатибилен со вагите на Excellence линијата на Mettler Toledo. Дури и највештите раце не можат да одмерат 0,5 mg со точност од 0,005 mg и сето тоа за помалку од 10 секунди. Дозирањето се изведува со специјални глави за дозирање, поврзани со флакони во кои се наоѓа супстанцијата. Тие имаат алгоритамски чип којшто освен што служи за зачувување информации за видот на супстанцијата, бројот на лотот, рокот на траење, има можност и да „учи“. Главите за дозирање се тестирани на дијамантски прашок и како такви, се соодветни и за најцврстите прашковидни супстанции. Освен дозирањето на многу мали количини и подготовката на раствори, Quantos е соодветен за уште една операција, важна во одделите за истражување и развој во фармацевтските компании, а тоа е полнењето на капсулите. Тоа може да се изведува со мануелна асистенција (рачно менување на капсулите и адаптерите) или со автоматско одбирање на примероци.

Комбинацијата на Excellence линијата на ваги и Quantos претставува еден „квантен скок“ во новата ера на современата лабораторија. Оваа комбинација обезбедува точни и прецизни резултати и по највисоките светски стандарди, поткрепени со комплетна документација.

Контакт:

Горан Карбевски
тел.: 02/20 31 193, лок. 34
моб.: 070/26 06 91
e-mail: gorankarbevski@farmahem.com.mk

Милена Стојанова,
дипл. инж. по биологија
тел.: 02/20 31 193, лок. 39
моб.: 071/36 64 54
е-пошта: instrumenti@farmahem.com.mk

ПРЕЦИЗНО МЕРЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ ВО ОБЈЕКТИ И ВО ИНДУСТРИЈА

ПРОФЕСИОНАЛНА ОПРЕМА ЗА МЕРЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ

МЕРЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ СО ТЕРМОВИЗИСКА КАМЕРА

- **Идеално за дијагностика и одржување објекти;**
- **Испитување на фасади;**
- **Енергетска загуба на надворешните ѕидови, вратите и прозорците;**
- **Проверка на кровните и подните површини;**
- **Проверка на сите видови инсталации.**

TESTO 885

- Големина на ИЦ-детектор 320 x 240 пиксели;
- Со технологија „SuperResolution“ 640 x 480 пиксели;
- Ротирачка рачка и ротирачки екран;
- Термална чувствителност < 30 mK;
- Панорамска слика;
- Технологија за препознавање на теренот;
- Висока температура до 1200 °C;
- Заменливи леќи со опсег 30 ° x 32 ° /11 ° x 9 °;
- Опција за детектирање зони со опасност од појава на мувла;
- Германиумски заштитник на леќи;
- Автоматски фокус;
- Вградена дигитална камера 3,1 MP;
- Осветлување со моќни ЛЕД-светилки;
- Минимално фокусно растојание 10 cm;
- Снимање и преслушување пораки со микрофон и слушалки.

TESTO 885 доаѓа со робустен и високо професионален куфер којшто вклучува:

- Литиумска обновлива батерија;
- Pro-софтвер;
- SD-картичка;
- USB-кабел;
- Ремен за носење;
- Марамче за чистење леќи;
- Напојување.

TESTO 875-(1/1i/2i)

- Големина на ИЦ-детектор 160 x 120 пиксели;
- Со технологија на „SuperResolution“ до 320 x 240 пиксели;
- Термална чувствителност <80 mK (<50 mK за 1i и 2i);
- Заменливи леќи со опсег 30 ° x 32 ° /11 °x 9 ° (2i);
- Вградена дигитална камера (1i и 2i);
- Осветлување со моќни ЛЕД-светилки (2i);
- Снимање и преслушување пораки со микрофон и слушалки (2i);
- Автоматска топло-ладна точка на препознавање;
- Соларна опција;
- Опција за детектирање на зони со опасност од појава на мувла (2i);
- Интуитивно ракување.

TESTO 875-1 (1i и 2i) доаѓа со робустен и високо професионален куфер којшто вклучува:

- Pro-софтвер;
- Ремен за носење;
- SD-картичка;
- USB-кабел;
- Марамче за чистење на леќите;
- Напојување;
- Литиумска обновлива батерија;
- Адаптер за закачување на трипод.

УНИВЕРЗАЛЕН ИНСТРУМЕНТ ЗА МЕРЕЊЕ НА U-ВРЕДНОСТА

TESTO 435-2

- Следење на IAQ (квалитет на воздухот во просторијата) преку мерење на CO_2, температурата, влагата на воздухот и апсолутниот притисок;
- Мерење на U-вредноста;
- Широк избор на сонди;
- Мерење на провевот;
- Мерење на осветлувањето (луксметар);
- Радиосонди за температура и влага;
- Класа на заштита IP54;
- Зачувување на податоците во инструментот и пренесување на компјутер;
- Голема меморија на инструментот;
- Софтвер за обработка на податоците.

Брзо утврдување на загуба на енергија со мерење на U-вредноста:

Со поставување U-сонда на внатрешниот ѕид и безжична сонда надвор, TESTO 435-2 автоматски ја пресметува U-вредноста.

Комплет за мерење на U-вредноста:

- TESTO 435-2 мултифункционален инструмент, софтвер, USB-кабел, батерија;
- Температурна сонда за U-вредноста, троен сензор со материјал за прицврстување на ѕид;
- Безжична сонда за влага/ температура;
- Безжичен модул за мерниот инструмент;
- Професионален куфер за нструментот и сондите со димензии 400x310x98 mm.

ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА СИСТЕМИТЕ ЗА ГРЕЕЊЕ

TESTO 340

- Гасен анализатор со четири сензори за мерење емисии во индустријата;
- Одобрен од TÜV/со EN-стандард;
- Точност во мерењата на O_2, CO_2, CO, NO, NO (ниски вредности), температура (°C), притисок (hPa) потврдена од стандардот EN 50379, поглавје 2;
- Стандарден заменлив сензор за O_2, и три други сензори како CO, CO (ниски вредности), NO, NO (ниски вредности), NO_2 или SO_2;
- Автоматска контрола на протокот на гас-пумпата;
- Модуларни сонди за гасови со записи на податоците;
- Анализа на податоци со софтверот „EasyEmission“;
- 18 горива внесени во инструментот како стандардни и можност за самоконфигурација со помош на софтверот.

Гасниот анализатор TESTO 340 вклучува:

- Обновлива батерија,
- Протокол за калибрација,
- Ремен за носење,
- Сензор за O_2 и вграден сензор за мерење проток и диференцијален притисок;
- Мерење на CO од 0 до 10000 ppm;
- Сонда за гасови, со должина од 335 mm со вградена комора за кондензација и заштита од топлина, T_{max} = 1000 °C, специјално црево од 2,2 m за мерење на NO_2/SO_2;
- Напојување од 100–240 VAC;
- Софтвер „EasyEmission“ со USB-кабел;
- Пефесионален куфер за инструментот со сондите.

TESTO 330-1 LL

- Екран во боја 240x320 пиксели;
- Графичка обработка на измерените податоци;
- Автоматска дијагноза на исправноста на инструментот, сензорите, батеријата и тн.;
- Записи на податоците;
- Мерење притисок до 300 mbar;
- Избор на голем број горива;
- Тестиран од TÜV според BImSchV/EN 50379, поглавје 2 за O_2, температура (°C), притисок (hPa) и CO со H_2-компензација;
- Голема меморија;
- Очекуван животен век на сензорите за O_2/CO до 6 години;
- Моќна литиумска батерија (6 h работни саати со вклучена пумпа);
- USB/IrDa/Bluetooth интерфејс за пренесување податоци на таблет, лаптоп, печатач и тн.

TESTO 310 комплет со печатач

- Мерење на CO, O_2, притисок (hPa) и температура (°C);
- Инфрацрвен печатач;
- Сонда од 180 mm со конус;
- Куфер за чување;
- Напојување;
- Силиконско црево за мерење притисок;
- Филтер за честички;
- Две ролни термална хартија за печатач.

СЛЕДЕЊЕ НА ТЕМПЕРАТУРАТА И ВЛАГАТА

TESTO 174 T (H)

Идеален за следење на температурата во објектите во подолг временски период, бесплатниот софтвер „ComSoft“ овозможува брзо програмирање на дневникот на податоци и анализа на податоците.

Комплетот TESTO 174T вклучува

- Едноканален мал дневник на податоци, држач за sид, батерии (2 x CR 2032 литиум) и протокол за калибрација;
- Висока заштита на податоците дури и при празна батерија;
- Голема меморија;
- Водоотпорен IP65;
- Компактен и робустен;
- Во согласност со стандардот EN12830;
- Приказ на аларми преку екран.

TESTO 174H

Идеален за следење на температурата и влагата во објектите во подолг временски период, бесплатниот софтвер „ComSoft“ овозможува брзо програмирање на дневникот на податоци и анализа на податоците.

Комплетот TESTO 174H вклучува:

- Двоканален мал дневник за податоци, држач за sид, батерии (2 x CR 2032 литиум) и протокол за калибрација;
- Висока заштита на податоците дури и при празна батерија;
- Голема меморија;
- Компактен и робустен;
- Во согласност со стандардот EN12830;
- Приказ на аларми преку екранот.

Контакт:
Даниjел Ребац, дипл. маш. инж.
tel.: 02/20 31 193, лок. 43
mob.: 070/22 62 21
e-mail: danijel@farmahem.com.mk

ЦЕЛОСНА ПОСВЕТЕНОСТ НА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ПРИРОДАТА ВО МАКЕДОНИЈА

www.bregalnica-ncp.mk

Повеќе од една година, Секторот за еколошки консалтинг на Фармахем заедно со својот швајцарски партнер „Helvetas Swiss Intercooperation“, се целосно посветени на координацијата на Програмата за зачувување на природата во Македонија и постојано се стремат кон успешно остварување на нејзините цели. Преку оваа програма, донаторот, Швајцарска агенција за развој и соработка (Swiss Agency for Development and Cooperation - SDC), има за цел да ѝ помогне на Република Македонија во зачувувањето на нејзината исклучителна биолошка разновидност и природните екосистеми преку промовирање на нивното одржливо управување и користење.

ВОСПОСТАВЕНА Е СОРАБОТКА СО ПАРТНЕРИТЕ НА ПРОГРАМАТА

Како основа за започнувањето на планираните активности, беа потпишани меморандуми за соработка со партнерите на Програмата (Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за планирање на просторот, Шумарскиот факултет и Центарот за развој на источниот плански регион), а потоа беа склучени и договори за заедничко

спроведување на соодветните програмски активности. Со потпишувањето на овие документи и официјално започна имплементацијата на Програмата.

Кон крајот на годината се одржа втората работилница со партнерите на Програмата за зачувување на природата во Македонија, којашто имаше за цел да даде преглед на првата година од спроведувањето на Програмата, како и да се презентираат активностите планирани за 2014 година. Ваквиот тип работилници со партнерите помагаат во подобрувањето на процесот на спроведување и координација на Програмата.

ОТВОРЕНА Е ЛОКАЛНА КАНЦЕЛАРИЈА ВО ПЕХЧЕВО

За успешно координирање на активностите на локално ниво, во рамките на Програмата за зачувување на природата во Македонија беше отворена канцеларија во Пехчево.

Постоењето на една ваква канцеларија во подрачјето од интерес (во брегалничкиот регион) придонесува Програмата да биде подостапна и поблиска до локалните заинтересирани страни (локалните власти, граѓаните, НВО, институциите и сл.) и помага во десиминацијата на целите и резултатите на Програмата на локално ниво.

Во канцеларијата е вработено лице кое е одговорно за следење и координација на активностите на локално ниво.

ЗАПОЧНАТА Е ИЗРАБОТКАТА НА НАЦРТ ПРОСТОРНИОТ ПЛАН ЗА ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН (ИПР)

Со цел да се воведе интегриран пристап во зачувувањето на природата во регионот, Програмата ја поддржува изработката на Нацрт просторниот план за ИПР како стратешки значаен документ, во кој вредностите на биолошката разновидност

ќе бидат едни од главните столбови за планирање на понатамошниот развој на регионот.

Во спроведувањето на оваа програмска активност како програмски партнери се вклучени: Агенцијата за планирање на просторот, Министерството за животна средина и просторно планирање и Центарот за развој на источниот плански регион. Општините од регионот се исто така вклучени во процесот на изработка на Планот преку Координативното тело. Во изминатиов период се реализирани подготвителни активности, одржан е состанок на Координативното тело и активностите за изработка на Планот се презентирани на Советот на градоначалниците на ИПР.

СОРАБОТКА НА ШУМАРСКИОТ ФАКУЛТЕТ ОД СКОПЈЕ СО УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ПРИМЕНЕТИ НАУКИ ОД БЕРН

Како дел од оваа соработка се оствари студиски престој на студенти од Универзитетот за применети науки од Берн во Источна Македонија, како подрачје од интерес. Целта на овој престој беше да се направат споредбени анализи помеѓу Македонија и Швајцарија во делот на можностите за воспоставување биосферен резерват, како и влијанието на климатските промени врз шумите. Студентите работеа под менторство на професори од двата факултета, со што се овозможи и размена на искуства и знаења во делот на управување со шумите, зачувување на биолошката разновидност и одржливиот развој. Исто така, претставници на Шумарскиот факултет оствариј посета на Универзитетот за применети науки во Берн којашто придонесе кон дефинирање на понатамошните активности за соработка помеѓу овие две институции.

ИЗРАБОТУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈА ЗА КОМУНИКАЦИИ

За да се подобри комуникацијата и соработката на програмскиот тим за координација со партнерите на Програмата, се изработи Стратегија за комуникации. Како првична активност предвидена во Стратегијата за оцена на моменталната состојба на јавната свест за зачувување на природата, се спроведе анкета на локалното население и институциите во регионот.

Контакт:
Марјана Шушлевска,
дипл. биолог
тел.: 02/20 31 193, лок. 46
моб.: 070/27 62 97
e-mail: eko@farmahem.com.mk

Контакт:
Катерина Атанасовска,
дипл. биолог - еколог
тел.: 02/20 31 193, лок. 49
моб.: 071/39 39 03
e-mail: katerina@farmahem.com.mk

Контакт:
Цветан Николовски, дипл. инж.
по заштита на животната средина
тел.: 02/20 31 193, лок. 26
моб.: 072/23 62 82
e-mail: cvetan@farmahem.com.mk

Контакт:
Координатор за локални активности:
Јасминка Пашалиска Андоновска,
дипл. маш. инж.
тел.: 033/44 11 01
моб.: 071/20 46 04
e-mail: jasminka@bregalnica-ncp.mk

СЛЕДЕЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА АМБИЕНТНИОТ ВОЗДУХ ВО ГРАД СКОПЈЕ

Следењето на квалитетот на амбиентниот воздух претставува законска обврска на општините со цел да се изработат акциони мерки и планови за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух.

Во врска со оваа законска обврска, на почетокот на 2013 година, Лабораторијата за животна средина на Фармахем доби барање од Град Скопје за реализирање проект којшто има за цел да се соберат податоци за квалитетот на воздухот во Град Скопје, коишто ќе се искористат за изработка на **Оперативна програма за намалување на загадувањето на амбиентниот воздух со честички PM_{10}**. Во рамките на проектот, којшто се изведува со мобилната лабораторија на Фармахем, се врши квалитативна и квантитативна хемиска анализа на честичките PM_{10} и $PM_{2,5}$ на примероците земени од Град Скопје. Согласно со правилниците, одбрани се пет локации коишто покриваат индустриска, станбена, рурална, мешана индустриско-станбена и урбано-позадинска средина во текот на четирите сезони во годината. Тестирањето на честичките PM_{10} и $PM_{2,5}$ се изведува согласно со референтните методи ISO 12341 и ISO 14907. Предмет на хемиската анализа е содржината на тешките метали во воздухот (арсен, никел, кадмиум, олово, цинк, бакар, кобалт, хром, манган и железо), содржината на органските полутанти како јаглеводороди коишто потекнуваат од согорување на дрва, јаглеводороди коишто потекнуваат од согорување на нафта и полициклични ароматични јаглеводороди. Примероците се анализираат во акредитирана лабораторија чиј опсег на акредитација ги покрива сите барани параметри.

Со овој проект уште еднаш се потврдува дека Фармахем е една од водечките фирми во Македонија којашто е во тек со европските и светските трендови во областа на заштитата на животната средина.

ТЕМПЕРАТУРНО МАПИРАЊЕ ВО ПРОСТОРИИ СО КОНТРОЛИРАНИ КЛИМАТСКИ УСЛОВИ

Во последно време е зголемен бројот на температурно-сензитивните фармацевтски производи на пазарот, па контролата за добра оперативна и дистрибутивна практика во светот сè повеќе се фокусира на микроклиматските услови при магацинското складирање. За таа цел, температурното следење на инсталациите и температурното мапирање треба да претставуваат интегрална целина со која ќе се докаже дека се следат пропишаните услови за складирање од производителот, согласно со барањата на ICH Q10 - Фармацевтски систем за квалитет (2009), ISPE (Меѓународно здружение на фармацевтски инженери) - Водич за добра практика - Менаџмент на синџирот за ладење (2011) и Шемата за соработка на фармацевтската инспекција PIC/s.

Со температурното мапирање се очекува да се добијат информации за: влијанието на интервенциите (отворање врати, пад на напојувањето и тн.), идентификација на топли и ладни точки, варијации на температурата во една точка и во целиот простор, како и времетраење на „температурните екскурзии“. Тие ќе помогнат да се обезбеди униформност при распределбата на пропишаната температура. Температурното мапирање е моќна алатка којашто може да помогне инсталациите да се усогласат со регулативите и воедно да се направат енергетски заштеди преку воведување подобрувања во работењето.

Мапирањето не е еднократна работа, туку тековен процес којшто ги зема предвид сезонските промени, модификациите на HVAC-от, промените во просторниот распоред во магацинот и други значајни промени во микроклимата на магацинот.

Лабораторијата за животна средина на Фармахем има акредитирана метода за микроклиматски услови и согласно на тоа, поседува опрема со калибрациски сертификати, знаење и искуство од соработката со поголеми веледрогерии за изведување на температурното мапирање.



Контакт:

Маријан Лакс, дипл. инж. за заштита на животна средина
тел.: 02/20 50 648
моб.: 070/27 27 87

Даниел Стефановски, дипл. инж. по хемија
тел.: 02/20 50 648
моб.: 071/39 39 04

Јулијана Димзова, дипл. инж. технолог
тел.: 02/20 50 648
моб.: 071/39 39 06
e-mail: ekolab@farmahem.com.mk

ПРВИОТ ЕКОЛОШКИ ПРОИЗВОД ЗА ДЕЗИНФЕКЦИЈА

универзален - ефикасен - безбеден



Дезинфекцијата е важен сегмент во секојдневното живеење. Сите посакуваме средина ослободена од штетни микроорганизми и целосно безбедна.

Sanosil super 25 е мултикомпонентно средство за дезинфекција од најновата генерација. Основна активна компонента е водородниот пероксид, стабилизиран со сребрени јони. Овие две компоненти меѓусебно си го засилуваат дејството и придонесуваат Sanosil super 25 да се избори со предизвикот да биде универзално применливо, ефикасно, безбедно и еколошко средство за дезинфекција.

УПОТРЕБА НА САНОСИЛ:

Прехранбена индустрија - дезинфекција во млекарници, месарници, производство на минерална вода и безалкохолни пијалаци, кондиторска индустрија, пивари и винарии;

Фарми за животни и рибници - дезинфекција во текот на одгледувањето на животните;

Земјоделие - стакленици, плантажи, конзервирање, дезинфекција пред и по бербата;

Клима-уреди и кули за ладење - дезинфекција на: навлажнувачи за воздух, клима-уреди, кули за ладење, спречување на развој и отстранување на алги;

Хотели, ресторани, училишта - дезинфекција на: површини, инструменти, облека и др.;

Медицински сектор - ветеринарна медицина и хумана медицина: хирургија, гинекологија, лаборатории, хемодијализа, стоматологија и др.;

Козметичка и фармацевтска индустрија - дезинфекција на: површини, простор, супстанции, средства за конзервирање;

Базени за пливање и рекреација - дезинфекција на: базени, фитнес-центри, соларијуми и др.;

Дезинфекција на вода за пиење - дезинфекција на вода за пиење, цевководи, резервоари, фонтани и др.;

Третман на отпадни води - комунални и индустриски води.

ПРЕДНОСТИ НА САНОСИЛ:

- Универзална употреба и широк спектар на делување;
- Продолжено дејство и оневозможена реконтаминација;
- Не создава резистенција, не е опасен при предозирање;
- Работниот раствор не е токсичен, ниту опасен за корисникот;
- По дезинфекцијата не е потребно плакнење и неутрализација;
- Не е штетен за отпадните води и животната средина.

Контакт:
Јордан Алулоски, дипл. инж. технолог
тел.: 02/20 31 193, лок. 32
моб.: 071/39 39 01
e-mail: jordan@farmahem.com.mk

НОВИ МЛЕЧНИ КУЛТУРИ ОД CHR. HANSEN

За јогурт со традиционален вкус, со малку масти и многу протеини

CHR. HANSEN

Chr. Hansen го создаде производот **SoGreek** со оригинални култури изолирани од островот Крит, за автентичен, модерен, високопротеински јогурт.

SoGreek – најавтентичен традиционален вкус

Како одговор на растечкиот пазар за вкусни, ферментирани млечни производи со природни состојки, Chr. Hansen ја создаде новата серија култури со автентичен вкус на грчки јогурт, културите YoFlex и nu-trish SoGreek, за јогурт со зголемен процент на млечни протеини.

Новите култури SoGreek се достапни во комбинација со добро проверената BB-12®.

Овие култури обезбедуваат одличен карактеристичен вкус, оптимално совладувајќи ги сите индустриски проблеми при производството на грчкиот тип јогурти. SoGreek е одличен одговор за пазарните трендови како во млечната индустрија, така и меѓу потрошувачите:

- **Традиција:** содржи вистинска автентична традиционална култура.
- **Здравје:** висок процент на пробиотски клетки, малку масти, многу протеини и средно количество на шеќери.
- **Природен:** кратка листа на состојки (само млеко и култура) без адитиви.
- **Деликатесен и со полна текстура**.

Во Р. Македонија ова е високопротеински традиционален јогурт познат како цедено кисело млеко.

SoGreek доаѓа во две верзии:

- YoFlex® SoGreek F1 и F2, nu-trish® SoGreek F1 (со BB-12®);
- YoFlex® SoGreek S1 и S2, nu-trish® SoGreek S1 (со BB-12®).

Chr. Hansen е првиот производител на култури со вакви карактеристики.

Ги покануваме нашите потрошувачи да ја откријат вредноста на млечните производи со културите SoGreek и да го истражат сегментот на производството којшто почнува да се развива.

Контакт:
Елена Трајковска-Јанкова, дипл. инж. технолог
тел.: 02/20 31 193, лок. 31
моб.: 070/35 95 25
e-mail: elena@farmahem.com.mk

НАГАЛАЗЕ-ТЕСТ И GcMAF

Во изминатиот период оваа година, во Дијагностика Фармахем имаше побарувачка за испраќање примероци за испитување на нагалазе-тест во странска лабораторија. Во продолжение е објаснета примената на нагалазе-тестот за дијагностички цели.

Нагалазе е протеин (ензим) којшто го создаваат сите канцерогени клетки и вируси (ХИВ, хепатитис В, хепатитис С, инфлуенца, херпес, Epstein-Barr вирусот и други). Нагалазе предизвикува имунодефициенција. Ја блокира продукцијата на GcMAF и на тој начин го спречува имуниот систем да си ја врши својата работа. Без активен имун систем, ракот и вирусите можат да се развиваат без пречки. Овој ензим, како мошне сензитивен маркер за сите типови канцер, обезбедува моќен систем на рано откривање. Сериското тестирање на нагалазе дава веродостоен и точен метод за следење на резултатите на кој било терапевтски режим за канцер, СИДА и други хронични вирусни инфекции. Зголемената активност на нагалазе се детектира во крвта при различни видови канцер. За различните типови тумори се среќава различно ниво на активност на нагалазе. Зголемените нивоа на нагалазе укажуваат дека постои присуство на канцерозни лезии, пред тие да се детектираат со други дијагностички средства.

Кај здрави пациенти, GcMAF ги упатува макрофагите во крвотокот, да ги пребараат и да ги исчистат малигните клетки. Но, малигните клетки на канцерот продуцираат ензим наречен нагалазе, којшто го неутрализира GcMAF. Така макрофагите не го добиваат физиолошкиот сигнал за нивна активација, при што канцерот врши имуносупресија и расте непречено. За промена на насоката на овој процес, GcMAF се инјектира секоја недела, еднаш неделно, во зависност од стадиумот и видот на болеста.

Овој дијагностички нагалазе-тест и третман со GcMAF наоѓаат примена кај сите наведени болести, а покрај нив исто така се користат кај пациенти со аутизам.



Механизам на дејството на GcMAF/нагалазе

Контакт:

Бисерка Симоновска, м-р фарм. спец. мед. биохемија
тел./факс: 02/20 31 905
моб.: 071/30 60 19
e-mail: biserka.lab@farmahem.com.mk

ДИЈАГНОСТИКА ФАРМАХЕМ
СПЕЦИЈАЛИСТИЧКА ДИЈАГНОСТИЧКА ЛАБОРАТОРИЈА

ПРВА ПРИВАТНА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКА ДИЈАГНОСТИЧКА ЛАБОРАТОРИЈА ОСНОВАНА 1997 ГОДИНА.

Нашата лабораторија Ви нуди:

- изработка на над 1000 различни биохемиски параметри;
- стручен тим со висока професионалност;
- работа со најсовремена апаратура и опрема;
- строга контрола и висока точност на резултатите;
- изработка на анализите со мали количини крв;
- можност за изработка на итни анализи во рок од 30 минути;
- земање материјал и во домашни услови;
- пакет на анализи со пониски цени;
- резултатите можат да се добијат по факс и електронска пошта;
- бесплатна консултација лично или на телефон, со доктор-специјалист по медицинска биохемија.

ДИЈАГНОСТИКА ФАРМАХЕМ ЈА ЗАСТАПУВА НАЈГОЛЕМАТА ЕВРОПСКА ЛАБОРАТОРИЈА "PASTEUR CERBA" ОД ПАРИЗ ВО КОЈА СЕ ИЗВЕДУВААТ НАД 3000 РАЗЛИЧНИ АНАЛИЗИ.

Покрај рутинските основни анализи ги работиме и следните специфични анализи:

- анализа на хормони;
- инфективни заболувања;
- хемостаза;
- тумор - маркери;
- автоимуни - маркери;
- маркери за остеопороза;
- алергени, витамини, минерали, тешки метали;
- квантитативна детекција на наркотици;
- концентрација на лекови во крв;
- рана дијагностика на пренатални нарушувања;
- испитување на подносливост кон аспирин и плавикс.

Населба Ѓорче Петров

Населба Аеродром



02/20 31 905
lab@farmahem.com.mk
ул. 4 Јули бр. 2/3
Ѓорче Петров, 1060 Скопје

02/24 03 355
lab@farmahem.com.mk
булевар Јане Сандански бр. 65
1000 Скопје

РАБОТИМЕ СО СИНИ КАРТОНИ

Кога сакате да бидете сигурни, посетете ги нашите лаборатории!

Design: Koma Lab.